Врз основа на член 20 став 1 алинеји 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18, од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр. 02-4287/2 од 27.08.2014 година, во врска со Барањето за обезбедување на средствата за пристап до електронските изданија на Службен весник на РМ, бр.05-4231/1 од 19.08.2014 година, в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. За потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да се обнови пристапот на електронската база на прописи на "Службен весник на Република Македонија„ за 2 (два) кориснички пристапи, за период од 12 (дванаесет) месеци, во износ од 27.000,00 денари, со пресметан ДДВ 18%.

2. Износот на средствата за пристап на електронската база на прописи на "Службен весник на Република Македонија„ од став 1 на оваа точка, е предвиден во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

За извршување на своите законски надлежности Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има потреба да користи пристап до електронската база на прописи на "Службен весник на Република Македонија„ 2 (два) кориснички пристапи. Со оглед на истекот на постојната претплата, а имајќи ја предвид потребата од понатамошно користење на горенаведената електронска база на прописи, потребно е да се обнови пристапот до електронската база на прописи на "Службен весник на Република Македонија„ за 2 (два) пристапи, за период од 12 (дванаесет) месеци, во вкупен износ од 27.000,00 денари, со пресметан ДДВ 18%.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеји 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18, од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр. **02-**4287/2 од 27.08.2014 година, во врска со Барањето за обезбедување на средствата за пристап до електронските изданија на службен весник, бр.05-4231/1 од 19.08.2014 година, в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот, која влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 02-4338/1

29.08. 2014 година
Скопје

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги,
в.д. Директор на Агенцијата,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Раководителот на Стручната служба;
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - архива.